Врз основа на член 8 став 3 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија го објавува следното:

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово, на ден 05.05.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2027-2029 година, заведено под УП1 бр. 08–179/26 од 05.05.2026 година.

Со поднесеното Барање, ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово бара регулираниот максимален приход за секоја година од регулираниот период и просечните тарифи за водната услуга да изнесуваат:

**1. За снабдување со вода за пиење или водоснабдување:**

| Опис | Единица мерка | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 15.440.037 | 17.502.066 | 18.744.109 |
| Количина на испорачана вода | $m^3$ | 431.343 | 448.597 | 466.541 |
| Просечна тарифа | ден/$m^3$ | 35,54 | 37,28 | 38,17 |
| Минимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 35,29 | 35,55 | 36,17 |
| Максимална просечна тарифа | ден/$m^3$ | 35,80 | 39,02 | 40,18 |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги достават најдоцна до 26 мај 2026 година, до 16.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk, voda@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 19.05.2026 година**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**